РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3005/10
31-12-2021

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на првото продолжение на педесет и осмата седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на анкетниот лист на _________, поранешен Министер без ресор во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-4323/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4323/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-4323/1 од 16.09.2019 година за проверка на анкетниот лист на ________, поранешен Министер без ресор во Владата на Република Северна Македонија е оформен по Годишен план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

ДКСК по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето __________ во законски предвидениот рок од 30 дена по престанок на функцијата Министер без ресор во Владата на Република Северна Македонија не поднел изјава за имотната состојба и судир на интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, но за наведениот прекршок согласно Законот за прекршоците не може да се изготви записник за сторен прекршок и прекршочен платен налог.

За именуваниот и членови на неговото семејство се побарани податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и Централниот депозитар за хартии од вредност. Воедно извршен е увид во дистрибутивниот систем на Ценралниот регистар на Република Северна Македонија.

По споредување на прибавените податоци со податоците наведени во анкетниот лист на именуваниот утврдено е дека **нема елементи за понатамошно постапување во конкретниот предмет.**

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р НТ-М, советник
Одобрил: ГТ, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk